## Џонатан М. Шварц, *Парчиња мозаик: есеј за создавањето на Македонија*, Табахон, Скопје 2010, ISBN 978-608-4566-02-1

Во 2010 година во продукција на издавачката куќа ТАБАХОН од Скопје излезе од печат книгата *Парчиња мозаик: есеј за создавањето на Македонија*, дело на американскиот антропологот, кој подолго време живее и работи во Данска, Џонатан Метју Шварц.

Иако сите стануваат по малку сомничави кога станува збор за странски автор кој пишува за Македонија, сепак овој сомнеж целосно се отфрла кога станува збор за антропологот Џонатан М. Шварц, кој не е како останатите „туѓинци", тој не е етикетиран како левица или десница, туку зазема трета, независна страна. Заземајќи непретенциозен и реален став во своите истражувања, тој е антрополог каков што се замислува дека би требало да изгледа секој антрополог. Џонатан Метју Шварц е професор по социјална антропологија, кој подолг период живее и работи во престолнината на Данска, Копенхаген. Тој во седумдесетите години почнал да контактира со македонските печалбари во Данска и да се интересира за нивниот печалбарски живот. Поттикнат од разговорите со печалбарите тој ја посетил Македонија и започнал да прави теренски истражувања, а како резултат на тие истражувања е оваа книга и уште многу други публикации.

Книга претставува антрополошка студија за Македонија, која врз примерот на секојдневниот живот во Ресен нуди слика за промените кои се случувале во Македонија по распадот на СФР Југославија. Во студијата, Џонатан М. Шварц не акцентира ниту едно малцинство, но го става во прв план турското малцинство во Ресен со што се обидел да ја демонстрира можноста за нов метод и стил на проучување на заедницата. Овој нов метод, смета авторот, овозможува рамноправно размислување околу сите групи во локален, регионален и национален контекст без некакви позадини, без маргини и без двојни структури. Книгата според хрониката на настаните го обележува перидот на промените кои се случуваат по распадот на СФРЈ до првите години од независноста на Македонија. Книгата претставува вистинска ризница на етнографски описи. Џонатан Метју Шварц своите теренски истражувања ги започнал во Преспа, а негов дом бил шаторот, поставен во автокампот „Крани". Тој секојдневно пешачел до селата каде што се сеќавал со печалбарите, а понекогаш имал и можност да им помогне во берењето јаболка како и во извршувањето на некои други домашни работи. Со таквиот пристап кон своите „субјекти" Шварц се обидувал да ја надмине границата помеѓу истражувачот и неговите соговорници. Така, истражувачот повеќе се претставувал како благонаклонет гостин кој му помагла на домаќинот отколку како „наметнат" истражувач. Токму со едно вакво искуство на правење патека од тенки камени парчиња кои се редат во форма на мозаик, во дворот на еден од неговите ресенски пријатели, Џонатан Метју Шварц го создал и насловот на книгата „Парчиња мозаик". Правењето на мозаикот претставува метафора за начинот на кој полека се формира сликата за Македонија.

„Парчиња мозаик" претставува директен извештај од теренот, документ со рефлексии, книга која може да им помогне на сите оние кои се занимаваат со теренско истражување. Овој теренскиот извештај од Македонија, дома како и во дијас-

пората посочува на „пост-рефлективна“ етнографија. „...секоја етничка заедница ги рефрактира оние близу неа. Призмата прави и сегментација и синтеза...Деловите се аналитички рефракции на целината, а целината е синтетичка рефракција на деловите. Орджувањето на одредена општествена заедница е самото по себе константен, променлив процес на рефракции.“ - вели авторот Џонатан Метју Шварц во предговорот кон македонското издание на „Парчиња мозаик“.

Легитимитетот на оваа книга во академските кругови добива на значање поради тоа што за објавувањето на македонското издание се погрижија професор д-р Љупчо С. Ристески и вработените од Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а преводот од англиски на македонски јазик е направен од д-р Илина Јакимовска која, исто така, е професор на Институтот за етнологија и антропологија. Книгата, која во прв план ги претставува искуствата на авторот од теренот, презентирани на умешен начин, е интересна за читање не само за студентите и истражувачите од современата европска антропологија туку, како што вели авторот, оваа книга може да биде читана од страна на луѓето припадници на локалната заедница, мигранти и не-мигранти, со еден збор, сите љубители на пишаниот збор кои сакаат да научат повеќе, особено за „митовите“ и реалноста на Балканот.

Ѓоко Атанасов